ПО ИНИЦИЈАТИВАТА НА БОРЦИТЕ

# Споменикот на Колишевски ги раскара светиниколчани

**Едни го бранат и го величат неговото име, а другите сметаат дека споменикот е „срам за македонскиот народ“**

**ЕМИЛ ЗАФИРОВСКИ**

Новоизградениот споменик во центарот на Свети Николе на поранешниот висок функционер во СФРЈ, Лазар Колишевски, деновиве жестоко ги раскара светиниколчани. Граѓаните се поделени во два табора. Едните го бранат и го величат неговото име, а другите сметаат дека споменикот е „срам за македонскиот народ“.

Месните заедници „Еден“ и „Бел камен“, чии претседатели се членови на ВМРО-ДПМНЕ, бараат изградбата да биде итно запрена.

- Срамно е да се помисли, а камоли да му се гради споменик на тој човек. Колишевски е лично одговорен за уништување на козите во Светиниколско. Неговата партија СКЈ затвораше, прогонуваше и убиваше недолжни луѓе. Никаде не е докажано дека тој бил борец за Македонија и затоа бараме да се запре изградбата. Во спротивно, ќе преземеме чекори за негово уривање - пишува во соопштението на месните заедници.

Сојузот на борците од Свети Николе, кој ја предложи изградбата на споменикот и ги обезбедил парите за изградба, смета поинаку.

- Тој е истакната личност во македонската историја и борец за слобода. Беше прв претседател на Владата на Народна Република Македонија и претседател на народното собрание, како и член на претседателството на СФРЈ. Прогласен е и за народен херој. Тој потекнува од Свети Николе, градот што досега не нашол начин да му искаже благодарност на овој човек. Дека е тоа така потврдуваат многубројните донации за изградба на споменикот, кои пристигнуваат од цела Македонија“, пишува во соопштението на Сојузот на борците од Свети Николе.

Неколку постари светиниколчани, партизани од НОБ, кои по војната лежеле во затвор како политички осуденици, велат дека Лазар Колишевски „не е човекот кому треба да му се подигне споменик“.

- Тој не се покажа како заштитник на својот народ. Испрати во затвор многу недолжни луѓе. Јас бев еден од нив. Одлежав 3 години и 7 месеци робија во скопскиот затвор „Идризово“. Бев обвинет дека сум бугарофил и дека сум против Македонија. А, јас бев само застапник за идејата за слободна Македонија. Бев врмровец, но од оние Гоцевите. За време на власта на Колишевски и на Црвенковски таквите како мене беа именувани како предавници и прогонувани. Многумина беа и ликвидирани - вели Блажо Гигов-Давчев, партизан од НОБ.

Според него, единствена придобивка од тоа време е името македонско.

- Само тоа, но заслугите ги носи Тито и никој друг. Тогаш почнавме без страв да се нарекуваме Македонци - вели тој.

Неговиот некогашен соборец и сограѓанин Панчо Панев смета дека Колишевски треба да добие споменик.

- На 17 години отидов партизани. Балистите ме ранија на Косово, кај Гнилање, и ме направија воен инвалид. Јас сум еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ во Свети Николе. Сега не сум активен во партијата, но сè уште сум врмровец. Но, Колишевски треба да има споменик во градот. Тој потекнува одовде и е заслужен за многу работи, признавал некој или не. Споменикот никому нема да му пречи - вели Панев.

Споменикот е поставен во центарот на Свети Николе. Градоначалникот на Свети Николе, Јордан Ѓорчев, вели дека идејата и парите за споменикот се на Сојузот на борците, а градот само помага. Тој вели дека 11 советници од Советот на општината гласале „за“ споменикот, двајца биле против, а двајца воздржани.

- Идејата ја поддржаа и советници на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа го докажува записникот од гласањето - вели тој. ■



Едни го градат, други се подготвуваат да го урнат споменикот на Колишевски